РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 - 5017/2
03-09-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 51-та седница одржано на ден 01.09. 2021 година донесе

## Одлука

Пријавата со број 12-5017/1 од 27.09.2019 година, доставена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување по предметот со број 12-5017 од 2019 година.

Предметот со број 12-5017 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5017 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5017/1 од 29.10.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од страна на непознат подносител, а со која се пријавува незаконско превезување на дрва.

Доставената пријава е насловена и до началникот на СВР Струмица и министерто за внатрешни работи, а во истата инесени се наводи дека на ден 22.10.2019 година во ноќните часови од страна на полицијата при СВР Струмица, при вршењето на контрола, било фатено лицето --------------- ----------- како незаконски со камион превезува крадено огревно дрво.

Подносителите се сомневаат дека дрвото и камионот на наведеното лице не биле одземени, па затоа го пријавуваат случајот до надлените органи за да испитаат дали нивните вработени полицајци ги имаат преземено сите службени-законски дејствија или не. Исто така се бара, доколку истите постапиле согласно законските прописи, тогаш да се испитате дали командирот на шумската полиција ------------ --------- ------ ---------- и полицајците -------- и --------, кои биле на лице место, имаат преземено дејствија согласно нивните закони и доколку немале преземено ништо и камионот со дрвјата, началникот и министерот да ги преземе сите законски мерки со цел да се запре криминалот и спречи корупцијата во работењето на државните служби.

При разгледувањето на доставената пријава, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се во надлежност на ДКСК за постапување, туку се во надлежност на други органи во РСМ, а до кои подносителот на пријавата веќе се обратил, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за

постапување во предметниот случај, предметната пријава да се отфрли, а предметот да се затвори и да се архивира

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК